1. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на **Локалниот младински совет** во општината во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

2. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Локалното собрание на млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

3. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

4. Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во **локалната стратегија за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

5. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Канцеларијата за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

6. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Младинскиот центар** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

7. Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на **Службеникот за млади** во 2022 година? (Да се наведат поединечните износи)

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- г) електронски запис

_____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- г) е-маил (на адресата katerina.sapkova@gmail.com)
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Скопје, 13 април 2023 година

[redacted]

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-108/29
12.05.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; **e-mail- novacio@t.mk**

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер, наш број 19-108/21 од 13.04.2023 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации:

1.Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка на Локалниот младински совет во општината во 2022 година?
-Во општина Новаци не е формиран Локален младински совет.

2.Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска или логистичка поддршка за потребите на Локалното собрание на млади во 2022 година?
-Бидејќи не е формиран Локален младински совет не се одвоени средства за Локално собрание за млади.

3.Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за донесување и усвојување на локалната стратегија за млади во 2022 година?
-Не се издвоени и потрошени финансиски средства за усвојување на локална стртегија за млади.

4.Колку финансиски средства се издвоени и потрошени за реализација на активностите предвидени во локалната стратегија за млади во 2022?
-Не се издвоени и потрошени финансиски средства бидејќи не е донесена локална стратегија за млади.

5.Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Канцеларијата за млади во 2022 година?
-Во општина Новаци нема отворено Канцеларија за млади.

6.Во каков облик и во колкав износ општината обезбедила административна, финансиска и логистичка поддршка за потребите на Младинскиот центар во 2022 година?

-Во општина Новаци не е формиран Младински центар.

7.Во каков облик и во колкав износ општината оезбедила административни, финансиски и логистичка поддршка за потребите на Службеникот за млади во 2022 година?

-Општина Новаци нема назначено Службеник за млади.

Со почит,

Изработил: Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	30.05.2023		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	108/33		

До Општина Новаци

Република Северна Македонија

-Одделение за финансии

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

од [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам информација од јавен карактер:

Барам Општина Новаци и посоченото одделение да ми достават информација во врска со моето службено патување и посета на општина Коломбел, Р.Франција во период од 09.11-13.11.2017 година како и за моето службено патување и посета на збратимената општина Дуги Рат , Р.Хрватска во 2019-та година во својство на градоначалник на Општина Новаци заедно со мојата сопруга и тоа:

1.На чија покана беа наведените посети и на чиј товар беа направените трошоци за истите.

2. Колку средства се издвоени од Буџетот на општина Новаци за овие две службени посети поединечно за секоја посета дополнително за патувањето на мојата сопруга.

Со содржината на бараната информација барам да бидам запознат со:

- а) увид

- б) препис

- в) фотокопија

-(г) електронски запис

Молам информацијата да ми биде доставена :

- а) по пошта

- б) телефон

- в) факс

-(г) е-маил

- д) друго _____

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.)

Во Новаци 30.05.2023 година .

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-108/36
21.06.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:			
Орг. ед.	Број	Прилог	Вредност

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за информации од јавен карактер наш број 19-108/33 од 30.05.2023 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните информации:

1.На чија покана беа наведените посети и на чиј товар беа направените трошоци за истите.

-Во периодот од 09.11 2017 до 19.09.2019 на покана на земјите домаќини реализирани се 4 посети во својство на градоначалник на кои присуствувала и сопругата на градоначалникот Љубе Кузманоски и тоа од 09.11-13.11.2017 година (09.11-13.11.2017 Коломбел Република Франција, јуни 2019 Дуги Рат-Р.Хрватска, 16.06.-19.06.2019 Коломбел Република Франција и 19.09.2019 г. во Козина Република Словенија). Истите се реализирани на покана на земјите домаќини и направените трошоци за овие патувања ги сносат општините на чија покана се реализирани овие посети.

2.Колку средства се издвоени од Буџетот на општина Новаци за овие две службени посети поединечно за секоја посета дополнително за патувањето на мојата сопруга.

- За направените посети на градоначалникот Љубе Кузмановски каде присуствувала и неговата сопруга во Буџетот на општина фактурирана е и платена една фактура број 22-2019 за 6 авионски карти за превоз на делегација од општина Новаци . За патување на секој учесник во делегацијата вклучително и на сопругата на градоначалникот издвоени се средства во износ од по 12.896,00 денари. Истата фактура Ви ја доставуваме скенирана во електонска форма.

Со почит,

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски

Изработил:Ирена Поповска-Талевска

Gmail

Irena Popovska Talevska <irena.novacio@gmail.com>

Fw: Барање за пристап до информации од јавен карактер

1 message

novacio@t.mk <novacio@t.mk>
To: irena.novacio@gmail.com

Wed, May 17, 2023 at 7:46 AM

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	18.05.2023		
Орг. ед	Број	Прилог	Вредн.
19	108/30		

----Original Message----
From: [redacted]
Date: 16/05/2023 10:41
To: <infojavenkarakter@opstinanovaci.gov.mk>, <ristemomokovski@hmail.com>, <novacio@t.mk>
Subj: Барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Центарот за економски анализи, како и секоја година ја следи фискалната транспарентност на општините во РСМ.
За таа цел, во прилог Ви испраќаме Барање за информации од јавен карактер.

Потсетник:
Член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер
Имателот на информацијата е должен веднаш да одговори по барањето на барателот, а најдоцна во рок од 20 дена од денот на приемот на барањето.

Благодариме.

--

[redacted]

Новаци.docx
22K

До:
Ристе Момоковски
Општина Новаци
7211 Новаци

Барање

за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Според јавната достапност на буџетските документи на официјалната веб страна и Службен Гласник на општина Новаци, потребни ни се следните информации:

1. Предлог буџет за 2023 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

2. Годишен извештај за работењето на општината за 2022 година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

3. Граѓански буџет за било која година.
   Доколку е објавен на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истиот, во спротивно да ни го доставите во електронска форма.

4. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните 5 години (2018-2022)
   Доколку се објавени на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме примарно да ни доставите линк од истите, во спротивно да ни ги доставите во електронска форма.

5. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година.
   Доколку имате спроведено граѓански форум или друга форма на прибирање предлози од граѓаните, Ве молиме да ни доставите Записник од истиот.

6. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

7. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

8. Стратегија за управување со ризици
   Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник, Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

9. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали Седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

10. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на Советот на кои можат да присуствуваат?

11. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на Завршна сметка на општината за 2022 година?

12. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
г) ***електронски запис***
д) друго----------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
г) ***е-маил*** [redacted]
д) друго----------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Место: Скопје Датум: 16.05.2023

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-108/35
06.06.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел.047-203-060;тел.047-282-900;e-mail-novacio@t.mk

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер наш број 19-108/30 од 18.05.2023 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации

1. Предлог буџет за 2023 година.

-Предлог буџетот за 2023 година е објавен на веб страната на Општина Новаци и Во прилог Ви доставуваме линк од истиот:

https://opstinanovaci.gov.mk/documents/%d0%bf%d1%80%d0%b5%d0%b4%d0%bb%d0%be%d0%b3-%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82-%d0%b7%d0%b0-2023-%d0%b3%d0%be%d0%b4%d0%b8%d0%bd%d0%b0/

2. Годишен извештај за работењето на општината за 2022 година.

- Ви го доставуваме Годишниот извештај за работењето на општина Новаци за 2022 година:

3. Граѓански буџет за било која година.

- Ви доставуваме линк од граѓанскиот буџет на Општина Новаци за 2023 година и истиот е објавен на веб страната на општината.

https://opstinanovaci.gov.mk/%d0%b3%d1%80%d0%b0%d1%93%d0%b0%d0%bd%d1%81%d0%ba%d0%b8-%d0%b1%d1%83%d1%9f%d0%b5%d1%82/

4. Извештај од надворешна ревизија (Државен завод за ревизија) за некоја од последните години (2018-2022).

-Во периодот од 2018-2022 во општина Новаци не е направена надворешна ревизија од страна на Државен завод за ревизија. Ревизија од страна на Државниот завод за ревизија во општина Новаци е закажана за оваа 2023 година.

5. Спроведен граѓански форум (буџетски, програмски) во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година.

- Спроведен е граѓански форум во 2022/23 година за вклучување на граѓаните во носењето на локални политики за следната година и ви доставуваме Записник од истиот:

6. На кој начин ги известувате граѓаните дали нивните предлози ќе бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

- Предлозите од граѓаните пред да бидат вклучени во програмите за буџетот за следната година се доставуваат до сите претседатели на месни заедници кои ги запознаваат и информираат граѓаните од својата месна заедница за нивните предлози.

7. На кој начин ги известувате граѓаните за статусот на имплементација на нивните предлози кои се вклучени во програмите за буџетот (објава на веб страна, презентација, средба, писмено соопштение)? Ве молиме да ни доставите прилог од истото.

- За статусот на имплементацијата на предлозите на граѓаните кои се вклучени во програмите на буџетот граѓаните се известуваат преку објава на веб страна и социјалните мрежи.

8. Стратегија за управување со ризици

Доколку е објавена на Вашата веб страна или Службен гласник , Ве молиме да ни доставите линк од истата, во спротивно да ни ја доставите во електронска форма.

- Општина Новаци нема Стратегија за управување со ризици.

9. Дали граѓаните редовно присуствуваат на седниците на општинскиот Совет? Дали седниците се отворени или граѓаните треба претходно да се пријават за присуство?

- Секој граѓанин има право да присуствува на седницата на општинскиот Совет, Седниците се отворени и граѓаните треба претходно да се пријават за присуство.

10. На кој начин општината ги информира граѓаните за јавните расправи или седници на советот на кои може да присуствуваат?

- Граѓаните за јавните расправи или седници на советот на кои можат да присуствуваат се информираат преку веб страната, социјални мрежи или медиумите од страна на општината.

11. Дали Извршната власт организирала јавна расправа по основ на завршна сметка на општината за 2022 година?

- Општината не организира јавна расправа по основ на завршна сметка за 2022 година.

12. Доколку не, дали на седницата на Советот при изгласување на Завршната сметка, имало присутни граѓани?

- При изгласување на Завршната сметка немало присутни граѓани , затоа што никој не побарал да присуствува на Седницата.

Со почит,

Изработил: Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци

Градоначалник

Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
Примено: 26.04.2023
Орг. ед. 19 Бр. 108/25

(Образец ПП……)

До: Општина Новаци

БАРАЊЕ
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Доставете ни информација за просечна надморска висина на општина.
2. Доставете ни информација за број на утврдени природни непогоди (земјотрес, поплава,град, лизгање на земјиште, снежни наноси, лавина, гломразица, град, суша) во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме информацијата доставете ни ја одделно по тип на утврдена природна непогода, одделно по населени места во кои се случила и одделно по месец и години.
3. Доставете ни информација дали општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година има формирано комисија за проценатa и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи согласно членот 143 од Законот за заштита и спасување? Доставете ни информација датум кога била формирана секоја од комисиите и времетраењето на мандатот, одделно за скекоја ваква комисија која ја формирала општината.
   Доставете ни информација за предизвикана материјална штета од природни непогоди во вашата општина во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
4. Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои оштината ги добила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
   Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои оштината ги отфрлила во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
5. Доставете ни информација за број на човечки жртви како резултат од случени природни непогоди во општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години

6. Доставете ни ги збирните извештаи за проценети штети од природните непогоди кои Комисиите за проценка на штети при елементарни непогоди ги изготвиле во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
7. Доставете ни информација за должина на водоводна и канализациона инфраструктура која е оштетена или уништена како резултат на случена природна непогода во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по тип на природна непогода.

8. Доставете ни информација за утврдени проблеми со локалните патишта предизвикани од поплави и поројни дождови во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по години и одделно по патен правец на кој е утврден проблемот.

9. Доставете ни мерки за спречување на природни непогоди кои општината ги презела во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

10. Доставете ни информација дали на територијата на општината има тим/единица за справување со природни непогоди во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Доколку тимот/единицата е во рамки на друг државен орган, ве молиме наведете го државниот орган во чии рамки функционира тимот/единицата.

11. Доставете ни ги плановите за справување со ризици од природни катастрофи изработени и усвоени од општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

12. Доставете ни информација за начинот на кој општината го следи спроведувањето на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
13. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со финансиски средства за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.
14. Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со човечките капацитети за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на проблеми поврзани со човечките капацитети со кои се соочува општината (недоволен број вработени, недоволно обучен број на вработени и слично)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**

[redacted] [redacted]

- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис

Во Скопје, 25.04.2023година . _____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-108/31
26.05.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел.047-203-060;тел.047-282-900;e-mail-novacio@t.mk

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за инфорации од јавен карактер наш број 19-108/25 од 26.04.2023 г, Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации

1.Доставете ни информација за просечна надморска висина на општината?
-Општина Новаци се наоѓа на 576 просечна надморска висина.

2.Доставете ни информација за број на утврдени природни непогоди (земјотрес, поплава, град, лизгање на земјиште, снежни наноси, лавина, голомразица, град, суша) во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.ве молиме информацијата доставете нија одделно по тип на утврдена природна непогода, одделно по населени места во кои се случила и одделно по месец и години.

- Поради ограничен рок на чување на документите во архива и немањето на податоци за периодот од 2003 до 2014 година, во прилог ќе Ви ги доставам податоците од 2015 година до денес.

- *2015 година од 28.01.2015-08.02.2015 година природна непогода-ПОПЛАВА ги зафати следните населени места –Новаци, Рибарци, Гнеотино, Добромири, Далбеговци, Горно Агларци, Долно Агларци, Бач, Брод, Гермијан*
- *23.06.2021 година –елементарна непогода –град во населените места Добровени, Брод и Скочивир*
- *18.07.2021 година појава на елементарна природна непогода- невреме (појава на торнадо) во Живојно*
- *03.08.2021 година –елементарна непогода-пожар во Скочивир*
- *11.08.2021 година- елементарна непогода-пожар Рапеш*
- *01.07-04.07.2022 година-елементарна непогода- град во населените места Новаци, Горно и Долно Агларци, Гнеотино*
- *09.01.2022 година –елементарна непогода – земјотрес во сите населени места во општина Новаци*

3.Доставете ни информација дали општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година има формирано комисија за процена и утврдувањето на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи согласно членот 143 од Законот за заштита и

спасување?Доставете ни информација датум кога била формирана секоја од комисиите и времетраењето на мандатот , одделно за секоја ваква комисија која ја формирала општината.
Доставете ни информација за предизвикана материјална штета од природни непогоди во вашата општина во периодот од 2003 заклучно со 2023 година .Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.

- *Комисија за утврдување на штети од елементарна непогода – поплава(времена комисија) со бр.14-71/7 од 30.01.2015 година*
- *Комисија за процена на штети од елементарни непогоди формирана на 29.01.2021 година со мандат од 4 години*
- *Комисија за утврдување на штети од земјотреси бр.14-95/13 од 31.01.2022 со мандат од 4 години*

4.Доставете ни информација за бројот на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои општината ги добила во периодот од 2003 заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.
Доставете ни информација за број на барања за надомест на штета предизвикана од природни непогоди кои општината ги отфрлила во периодот од 2003 до 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.

- *2015 година од 28.01.2015-08.02.2015 година природна непогода-ПОПЛАВА поднесени 123 барања, од кои 109 се прифатени и 14 отфрлени*
- *23.06.2021 година –елементарна непогода –град во населените места Добровени, Брод и Скочивир поднесено едно барање*
- *18.07.2021 година појава на елементарна природна непогода- невреме (појава на торнадо) во Живојно поднесени 5 барања(не се решени)*
- *03.08.2021 година –елементарна непогода-пожар во Скочивир поднесени 5 барања*
- *11.08.2021 година- елементарна непогода-пожар Рапеш поднесени 2 барања*
- *01.07-04.07.2022 година-елементарна непогода- град во населените места Новаци, Горно и Долно Агларци, Гнеотино поднесени 29 барања кои не се решени*
- *09.01.2022 година –елементарна непогода – земјотрес во сите населени места во општина Новаци поднесени 162 барања, од нив 160 барања е прифатени и 2 одбиени*

5.Доставете ни информација за број на човечки жртви како резултат од случени природни непогоди во општината во периодот од 2003 година до 2023 година. Ве молиме доставете ни информација одделно по тип на природна непогода и одделно по месец и години.

- Како резултат од случени природни непогоди во општината во периодот од 2003 година до 2023 година нема човечки жртви во Општина Новаци.

6. Доставете ни ги збирните извештаи за проценети штети од природните непогоди кои Комисиите за проценка на штети при елементарни непогоди ги изготвиле во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

- Немаме збирни извештаи за проценети штети од природни непогоди кои Комисиите за проценка на штети при елементарни непогоди ги изготвиле во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

7.Доставете ни информација за должина на водоводна и канализациона инфраструктура која е оштетена или уништена како резултат на случена природна непогода во периодот од 2003 година

заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по тип на природна непогода.

- За време на поплава во 2015 година уништена е 300 метри канализациона инраструктура.

8.Доставете ни информација за утврдени проблеми со локалните патишта предизвикани од поплави и поројни дождови во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Ве молиме доставете ни ја информацијата одделно по години и одделно по години и одделно по патен правец на кој е утврден проблемот.

- Уништен и однесен е дел од локалниот пат Новаци Гнеотино Брод за време на поплавата во 2015 година и пресечен е истиот период дел од регионалниот пат Новаци-Битола.

9.Доставете ни мерки за спречување на природни непогоди кои општината ги презела во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

-Чистење на одводни канали на територијата на цела општина Новаци

-Чистење на речното корито на реката Црна од талог и водни растенија

-Изградба на порои ,меѓу кои и поројот во село Гермијан

10.Доставете ни информација дали на територијата на општината има тим/единица за справување со природни непогоди во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година. Доколку тимот/единицата е во рамки на друг државен орган, ве молиме наведете го државниор орган во чии рамки функционира тимот/единицата.

- На територијата на општината фунционира вод за справување со природни непогоди кој брои 42 члена и дороволно противпожарно спасително друштво со седиште во општина Новаци.

11.Доставете ни ги плановите за справување со ризици од природни катастрофи изработени и усвоени од општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

-Општината има планови за справување со ризици од природни катастрофи изработени и усвоени од општината во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година и истите се од доверлив карактер.

12.Доставете ни информација за начинот на кој општината го следи спроведувањето на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

-/

13.Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со финансиски средства за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

- Општина Новаци се соочува со финансиски проблеми за спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

14.Доставете ни информација дали општината се соочува со проблеми со човечките капацитети за спроведување на спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во периодот од 2003 година заклучно со 2023 година.

-Да општината се соочува со недоволно обучен број на вработени за спроведување на спроведување на мерките од плановите за справување со ризици од природни катастрофи во

периодот од 2003 година заклучно со 2023 година и тоа е главната причина што немаме податоци за одреден период за случени елементарни непогоди на територијата на општина Новаци.

Со почит,

Изработил: Ирена Поповска Талевска

Општина Новаци
Градоначалник

Стевче Стевановски

Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

From <infojavenkarakter@opstinanovaci.gov.mk>
To [redacted]
Date 2023-05-30 13:06

Одговор на Барање за информации од јавен карактер[redacted].pdf (~14 MB)

Почитувани,

Во прилог Ви го доставувам одговорот на Барањето за информации од јавен карактер во скенирана форма.Истото ќе ви го доставиме и во хартиена форма по пошта.

Со почит,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ
Примено: 19.10.2023 г.
Орг. ед. | Број: | | |
19 | 108/46 | | |

(Образец ПП……)

До: _____ОПШТИНА НОВАЦИ_____
(имател на информацијата)

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: _____[redacted]_____

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: _____
[redacted] _____
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер____Број на поднесени и одобрени барања за изградба на фотоволтаични централи на територија на Општина Битола, инсталирана моќност како и за останати ОИЕ (доколку ги има)_____ (опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго _____Листа, бројка_____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго _____
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во _Битола_, _18.10.2023 година .

[redacted]

Fwd: Потребни информации ОИЕ на општинско ниво

From [redacted]
To <infojavenkarakter@opstinanovaci.gov.mk>
Date 2023-10-18 10:23

Образец-на-Барање.pdf (~201 KB)

Почитувани,

во име на стопанската комора Ве молиме да ни доставите податоци за идадени дозволи и инсталирана моќност на производители на ел. енергија од ОИЕ (таблела во прилог):

Регистер на електроцентрали за производство на електрична енергија од ОИЕ						
тип на електроцентрала	фотоволтаични	мали хидро	ветерници	биогас	биомаса	вкупно
број на постројки						
вк. инст. моќност MW						
планирани						
до 30.09.2023						

Најбитни ни се податоците за поднесени и добиени дозволи за градба на фотоволтаични централи, но и целосна табела би била од корист.

Во прилог и официјалното барање.

Со почит,
--
[redacted]

Бр. 19-108/48
26.10.2023

Табела со податоци за идадени дозволи и инсталирана моќност на производители на ел. енергија од ОИЕ (таблела во прилог):

Регистер на електроцентрали за производство на електрична енергија од ОИЕ						
тип на електроцентрала	фотоволтаични	мали хидро	ветерници	биогас	биомаса	вкупно
број на постројки	2	2	/	/	/	4
вк. инст. моќност MW	55 (една со моќноост од 55 mw) 1 (една со моќност од 1mw)	1MW	/	1MW	/	
планирани	4	/	/	2	/	6
до 30.09.2023						

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	18.10.2023		
Орг. ед.	Број	Прилог	
19	108/44		

До:
Општина Новаци
с.Новаци
Република Северна Македонија

Б А Р А Њ Е
ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:
[redacted]

Застапник/полномошник на барателот на информацијата:
[redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Колку јавни градби има во општина Новаци?
2. Кога е изградена секоја од градби и со каков материјал?
3. Колку површина има секоја од јавните градби?
4. Дали се направени одредени реконструкции на истите и каков тип на мерки се преземени ?
5. Дали инвестициите биле во насока на подобрување на енергетската ефикасност или во насока на воведување на обновливи извори на енергија ?
6. Колку била потрошувачката на енергенс пред мерка, а колку по преземената мерка на годишно ниво (во износ и единица мерка) ?
7. Дали општината има планирано реновирање на општинските градби и во која насока би било реновирањето?
8. Со какви средства е планирано да се направат инвестициите (дали со донации, сопствени средства на општината или кредитно задолжување?
9. Колку изнесувал трошокот за набавка на електрична енергија за општината, училиштата, градинките во 2021 , а колку изнесува во 2022?
10. Које е износот на собрани средства од комунална такса за јавно осветлување од ЕВН во 2021 година, а колку во 2022 година и дали ЕВН доставува податоци за точно колку броила и исплатила средства на општината ?
11. Дали во општина Битола се поставени фотоволтаици на кровоите од општината, училиштата, градинките и други објекти? Кои се тие објекти и дали се приклучени на системот на ЕВН?
12. Дали општината има стратегија за енергетска ефикасност, доколу има што опфаќа истата и за кој временски период? Кои конкретни мерки за енергетска заштеда ги има донесено општината?
13. Дали општината спроведува кампањи, активности за информирање на граѓаните за заштеда на електрична енергија?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго **усно** _____

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Во Новаци, 16.10.2023 година

Потпис

_____

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

[redacted]

Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 19-108/50
15.11.2023 год
Новаци

ОПШТИНА НОВАЦИ, 7211 Новаци, Република Северна Македонија
тел/фах 047-203-060; тел:. 047-282-900; e-mail- novacio@t.mk

До
[redacted]

Предмет: Одговор на Барање за информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за информации од јавен карактер наш број 19-108/44 од 18.10.2023 г., Општина Новаци Ви ги доставува следните барани информации:

1.Колку јавни градби има во Општина Новаци и од каков материјал е изградена секоја градба?

-

Населено место	***Јавни објекти***	***Материјал од кој е изград.градбата***
Новаци	Општинска зграда со деловни простории	*АБ конструкција со ѕидарија*
Новаци	МКЦ деловно административна зграда	*АБ конструкција со ѕидарија*
Новаци	Училиште Славко Лимбарковски	*АБ конструкција со ѕидарија*
Новаци	ЈОУДГ Бамби-Новаци	*АБ конструкција со ѕидарија*
Новаци	Спортска сала	*А.Б. челична конструкција со лим сендвич(панел)*
Добромири	Продавница(работилница)	*Ѕидана градба*
Добромири	Училиште	*Ѕидана градба и АБ греди*
Горно Агларци	Училиште	*Ѕидана градба*
Долно Агларци	Продавница	*Ѕидана градба*
Далбеговци	Продавница	*АБ конструкција со ѕидарија*
Далбеговци	Училиште	*Челична конструкција со панели*
Д.Орехово	Продавница	*Ѕидана камен*
Маково	Амбуланта,продавница	*Ѕидани градби*

Рапеш	Продавница	*Ѕидани градби камен и тула*
Рапеш	Училиште	*Ѕидани градби камен и тула*
Зовиќ	Продавница со двор , стара училишна зграда	*Ѕидарија камен и тула*
Старавина	Продавница со соби	*Тврда ѕидана градба*
Старавина	Општински згради 2(две)	*Ѕидарија од камен*
Градешница	Стара школска зграда и продавница со соби	*Градба ѕидарија од камен*
Скочивир	Бивши граничарски згради	*Ѕидани со тула*
Скочивир	Караула	*Камен и тула*
Брод	Стара училишна зграда	*Камен и тула*
Бач	Училишна зграда	*Камен и тула*
Бач	Стара амбуланта	*Камен и тула*
Бач	Стара општинска зграда	*Камен и тула*
Гермијан	Сала за приредби и состаноци	*Бетон и кер.блок*
Гермијан	Продавница	*Бетон и кер.блок*
Добровени	Стара зграда од продавница	*Полна тула*

3.Колку површина има секоја од јавните градби?

- немаме податок за сите градби

4. Дали се направени одредени реконструкции на истите и каков тип на мерки се преземени?

- Направени се реконструкции на следните објекти: училишна зграда Добромири, продавница с.Рапеш, продавница и училиште во с.Далбеговци, реконструкција на спорска сала во склоп на училиштето во с.Бач и реконструкција на објектот на Младински културен центар Новаци.

5. Дали инвестициите биле во насока на подобрување на енергетската ефикасност или во насока на воведување на обновливи извори на енергија?

- Инвестициите се во насока на подобрување на енергетската ефикасност.

6. Колку била потрошувачката на енергенс пред мерка, а колку по преземената мерка на годишно ниво (во износ и единица мерка)?

- Нема податок

7. Дали општината има планирано реновирање на општинските градби и во која насока би било реновирањето?

-Општината планира реновирање на училишната зграда на ОУ "Славко Лумбарковски"- Новаци, реконструкција на фасадата на училиштето.

8.Со какви средства е планирано да се направат инвестициите (дали со донации, сопствени средства на општината или кредитно задолжување?

- Инвестицијата е планирано да се направи со сопствени средства на општината.

9.Колку изнесувал трошокот за набавка на електрична енергија за општината, училиштата, градинките во 2021, а колку изнесува во 2022?

- Општина Новаци нема податок колку е трошокот за набавка на електрична енергија за 2021 година, додека за 2022 година за општината трошокот за набавка на електрична енергија е 1.212.712,29 денари.

10. Кој е износот на собрани средства од комунална такса за јавно осветлување од ЕВН во 2021 година, а колку во 2022 година и дали ЕВН доставува податоци за точно колку броила и исплатила средства на општината?

-Износот на собрани средства од комунална такса за јавно осветлување во 2021 година е 3.005.296,00 денари , додека во 2022 година изнесува 3.412.017,00 денари .ЕВН не доставува податоци за точно колку броила и исплатила средства на општината.

11. Дали во општина Новаци се поставени фотоволтаици на крововите од општината, училиштата, градинките и други објекти? Кои се тие објекти и дали се приклучени на системот на системот на ЕВН?

-Во општината нема поставени фотоволтаици на крововите од општината, училиштата, градинката и другите објекти.

12. Дали општината има стратегија за енергетска ефикасност, доколку има што опфаќа истата и за кој временски период? Кои конкретни мерки за енергетска заштеда ги има донесено општината?

-Општината има стратегија за енергетска ефикасност, преку субвенционирање на фасади на домаќинствата и заштеда на енергија преку реконструкција на објектите во сопственост на општината за да бидат енергетско ефикасни.

13. Дали општината спроведува кампањи, активности за информирање на граѓаните за заштеда на електрична енергија?

- Општината нема спроведено кампањи и активности за информирање на граѓаните за заштеда на електрична енергија, меѓутоа во иднина се планира организирање на вакви активности.

Општина Новаци

Изработил:Ирена Поповска Талевска

Градоначалник

Контролирал:Благојче Бежановски

Стевче Стевановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
НОВАЦИ

Примено:	30.05.2023		
Орг. ед.	Број:	Прилог	Вредност
19	108/34		

До Општина Новаци

Република Северна Македонија

-Одделение за комунални дејности, сообраќај

Урбанизам,заштита на животната средина и ЛЕР

БАРАЊЕ

за пристап до информации од јавен карактер

од [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам информација од јавен карактер:

